РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
ПЕДАГОШКА СЛУЖБА - КОМИСИЈА ЗА ШИФРИРАЊЕ И ПРОВЕРКА
SHËRBIMI PEDAGOGJIK - KOMISIONI I SHIFRIMIT DHE I VERIFIKIMIT
Бр.-Nr. 32-3/2
20.06 20 25 година
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА З А П И С Н И К БР. 32-3/1 од 02.05.2025**

**од Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација**

На ден 29.05.2025 година со допис бр. 26-674/2 од 29.05.2025 година, заверен кај Комисијата за шифрирање и проверка со бр.32-26/1 од 29.05.2025 година, од страна на Педагошката служба доставено е Известување со прилог допис бр.26-674/1 од 27.05.2025 година доставен од страна на Ивана Здравковска и Симона Филиповска во кој е наведено дека за ракопис за учебник по наставниот предмет Физика за VII одделение во основно образование постои цип запис во Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски". Имено во дописот е наведено дека во ЦИП записот се појавуваат имињата на авторите Ламбе Барандовски и Вера Зороска од Издавачката куќа Експрес бук ЕЛТ како и тоа дека информацијата е јавно достапна на https://www.cobiss.net/mk/ односно Мрежата за библиотечни информациски системи и информациски системи за истражувачка дејност поконкретно на линкот:https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/bib/65659397#full.

Комисијата за шифрирање и проверка по направена проверка на доставената докуметнација со допис бр.32-26/2 од 29.05.2025 година заверен во писарницата на Министерството за образование и наука 26-674/3 од 29.05.2025 година достави одговор на дописот до Педагошката служба во кој е наведено дека Комисијата има утврдено дека податоците од приложениот линк од Мрежата за библиотечни информациски системи и информациски системи за истражувачка дејност и приложената документација по Конкурсот доставени од Издавачката куќа Експрес бук ЕЛТ се совпаѓаат во делот на авторите за ракопис за учебник и издавачот.

Од страна на Педагошката служба доставено е Барање за мислење до Секторот за нормативно правни работи при Министертството за образование и наука бр.26-674/4 од 10.06.2025 година за насоки за понатамошно постапување, односно дали ракописот за учебник по наставниот предмет Физика за VII одделение во основно образование, треба да продолжи во понатамошна постапка за одобрување. За што на ден 12.06.2025 година од страна на Секторот за нормативно правни работи доставен е Одговор на барањето за мислење со број бр.26-674/4 од 12.06.2025 година во кој е наведено дека предметот се враќа на Педагошка служба за понатамошно постапување согласно нивната надлежност.

На ден 20.06.2025 година од страна на Педагошка служба доставено е барање бр.26-674/6 од 20.06.2025 година заверено кај Комисијата за шифрирање и проверка бр.32-26/3 од 20.06.2025 година во кое се бара од Комисијата за шифрирање и проверка да ја извести Педагошката служба за наведениот ракопис за учебник под која шифра го има шифрирано ракописот.

Комисијата за шифрирање и проверка со допис бр.32-26/4 од 20.06.2025 година заверен во писарницата на министерството за образование и наука 26-674/7 од 20.06.2025

година ја извести Педагошката служба дека предметниот ракопис за учебник за наставниот предмет Физика за VII одделение во основно образование е со шифра 16.

Согласно горенаведеното Комисијата за шифрирање и проверка формирана со Решение бр.26-109/29 од 17.04.2025 година, по објавениот Конкурс бр.26-109/1 од 28.01.2025 година и Решението за изменување на Конкурсот бр.26-109/2 од 14.03.2025 година на ден 20.06.2025 година одржа состанок и согласно претходно изнесеното констатираше дека е **нарушена анонимноста** за ракописот за учебник **со шифра 16** по наставниот предмет Физика за VII одделение во основно образование, што е спротивно на член 13 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) според кој **Издавачот на учебникот на Конкурсот конкурира анонимно** како и според Конкурсот бр.26-109/1 од 28.01.2025 година и Решението за изменување на Конкурсот бр.26-109/2 од 14.03.2025 година со Решение бр.26-109/29 од 17.04.2025 година во делот: Точка 1. Општи услови, потточка 1.2 **Конкурсот е јавен, отворен и анонимен**, поради што, ракописот за учебник со шифра 16 **не продолжи во понатамошната постапка за одобрување**.

**КОМИСИЈА ЗА ШИФРИРАЊЕ И ПРОВЕРКА:**

Хикмете Сељмани – претседател

Андреа Јанковски – член

Виолета Костовска - член